# РЕЗИМЕ

**Истражувањата за развојот на детето со децении, како и модерната неврологија јасно покажува дека малите деца најдобро учат кога тие се активни.**

**Тоа значи дека тие можат да истражуваат , да комуницираат со други деца, а возрасните да даваат насоки за движење, создавање, играње.**

**Играњето игрите е забавно.**

**Движењето е многу важно за физичкиот развој на децата.**

**Играњето игри е најприродното учење во животната средина.**

**На партнерските училишта им треба сеопфатен, меѓународен и одржлив план за развој за да се обезбеди повеќе игра, можност за играње на нивните ученици за време на нивните тековни активности.**

Funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Проектот се реализира со финансиска поддршка од Европска комисија.

# КООРДИНАТОР

Шпанија

# ПАРТНЕРИ

Македонија

Турција

Литванија

**ДЕТСТВОТО И ИГРАЊЕТО Е ЕДНО ЦЕЛО.**

Децата учат најдобро кога се активни. Телото, умот, духот имаат потреба да прават нешто слободно, избор, радост, занес, да ја осознаваат својата умешност, да го откриваат светот околу себе.

УЧЕЊЕ СО ЉУБОВ дава можност да замислува,измислува, фантазира, комбинира, да се биде поинаков. Отвара видици и дава моќ да се создава нешто ново. Научник. Мајстор. Уметник...

Играта носи порака, возрасните треба да ја разберат. Играјте заедно, споделувајте го задоволството, дајте простор, време, материјали, соиграчи.

ПОТТИК ЗА НАТАМОШЕН РАСТЕЖ.

**ЈУДГ„Детска радост“ Скопје**
**Република Македонија**

ДЕТСКА ГРАДИНКА ДЕТСКА РАДОСТ

Erasmus+

CALL - Creating A Learning Love Erasmus + KA 229 Project

## ЈУДГ “ДЕТСКА РАДОСТ”
## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА –СКОПЈЕ

**Еразмус + Проект**

**2019-1-ES01-KA229-063998_2**

**Creating a learning love - CALL**



*Македонија*



*Шпанија*



*Турција*



*Бугарија*



*Естонија*

# Цели

Општа цел на нашиот проект е создавање на вистинска средина за учење со внимателно организирани игри каде секое дете се чувствува удобно, преку соработка за зајакнување на квалитетот на предучилишното образование во партнерските училишта.

Исто така нашите цели;

-Да се развиваат игри со форми на набљудување за поддршка на индивидуалноста, самодовербата и интегритетот на децата

-Да се поддржува развојот на јазикот на децата преку игри

-Да се охрабруваат децата да се чувствуваат дружељубиво помагајќи си меѓусебно да се почитуваат

-Да се подобри креативноста на ученикот и вештините за решавање проблеми преку игри и кодирање

-Да ги развива моторните вештини и мускулите на ученикот преку игри

-Да се спречи неподвижен начин на живот со игри

-Да се подобри знаењето на учениците, наставниците и персоналот за Европската унија, европските јазици и културната различност

- Да се поттикне образовниот кадар да учи странски јазик и да промовира почитување на другите култури

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

**Целна група на проектот се ученици на возраст од 5-7 години и тие ќе се приклучат на локалните проектни активности. Партнерските училишта имаат различни класи според одделни возрасни групи.**

**Образовниот кадар и училишните менаџери ќе учествуваат во локални и меѓународни проектни активности. Родителите ќе се приклучат на локалните активности и ќе ги охрабруваат своите деца да играат игра со нив. Образовниот кадар ќе се приклучи на краткорочната размена за време на проектот.**

**Партнерските училишта ќе ги постигнат целите на проектот преку тимови кои се состојат од образовен кадар. Тимовите ќе имаат активна соработка во рамките на училиштето и тимот на другите партнери. Училишните менаџери ќе ги охрабрат сите наставници да се приклучат на тимовите. Сите партнери ќе ги формираат овие тимови;**

**-Тим за управување со проекти**
**-Тим на создавање на игри**
**-Тим на создавање на активности**
**-Тим за евалуација**
**-ИКТ тим**

-

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

# Целни групи

* Деца кои посетуваат градинка
* Воспитувачи, негуватели, стручни работници и соработници од предучилишните установи
* Родителите и другите членови од семејството.

# Очекувани резултати

На крајот на проектните активности, очекуваното влијание на учесниците;

Ученици;

-Подобрување на позитивниот однос кон воспитувачите

-Изразување преку игри

-Подобрување на креативноста и решавање на проблеми преку активности за кодирање

-Стекнување информации за европската култура

-Стекнување на основни информации за партнерите и земјите

Образовниот кадар;

-Верување дека учениците можат да учат доколку наставникот подготви правилна средина за учење

-Подигнување на свеста за улогата и важноста на игра во раното детско образование

-Подигање на професионалните способности и желба за приклучување кон новите меѓународни активности за учење

-Дизајнирање на нови активности и нивно набљудување се формира според резултатите од истражувањето на раното детство.